3.14. Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти
122 responses



3.15. Училиштето добро се справува при појава на насилство
122 responses




3.16. Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога
122 responses




3.17. Хигиената во училиштето е на високо ниво
122 responses




3.18. Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете
122 responses



3.19. Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете
122 responses




3.20. Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците
122 responses



Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| Индикатори за подрачјето: |
| --- |
| 4.1 Управување и раководење со училиштето<br>4.2 Цели и креирање на училишната политика |

**Самоевалуација на училиштето: ООУ Кочо Рацин    Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| Собирање податоци: | | |
|---|---|---|
| Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| Записници од училишен одбор и интервју со секретар на училиштето<br>Деловникот за работа на УО<br>Статутот на училиштето<br>Одлуките и извештаите од работата на УО<br><br>Прашалник за родители<br><br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Развојно планирање<br>Интервју со стручна служба и | Управување со училиштето | **Многу добро**<br>Училишниот одбор е конституиран согласно одредбите од Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Училишниот одбор има Деловник за работа.<br>Состаноците се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното присуство за работа.<br>Членовите на училишниот одбор детално ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето.<br>За одржаните состаноци се водат Записници.<br>Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно- образовен процес.<br><br>Училишниот одбор квартално го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br><br>Од анализата на резултатите од спроведениот прашалник за родителите, од вкупно анкетирани 122 родители на тврдењето: **Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки-** 60 родители или 49,2% одговориле целосно се согласувам, 45 родители или 36,9% одговориле се согласувам , додека само 5 родители или 4,1% одговориле не се согласувам, 3 родители или 2,5% одговориле целосно не се согласувам и 9 родители или 7,4% одговориле не знам.<br>Членови на УО се со легитимен мандат и имаат поминато обука за својата работа. Претседател на УО согласно новиот закон за основно образование е родител.<br>Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е на високо ниво. |

| | | |
|---|---|---|
| директор<br>Дописи, апликации и активности<br>Брошура за родители | | Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки. |
| Прашалник за наставници<br>Прашалник за родители<br>Прашалник за ученици | Раководење со училиштето | **Многу добро**<br>Директорот има визија за организирање на воспитно-образовниот процес во училиштето, со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето. работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.<br><br>Триангулацијата на собраните резултати од прашалниците за наставници, родители и ученици потврдува меѓусебна соработка помеѓу сите чинители во воспитно-образовната работа на училиштето.<br>Од анализата на резултатите од спроведениот прашалник за наставници, од вкупно анкетирани 39 наставници на тврдењето**: Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки -** 12 наставници или 30,3% одговориле целосно се согласувам, 18 наставници или 46,2% одговориле се согласувам, а само 6 односно 15,4% одговорил со не се согласувам, 1 наставник односно 2,6% одговориле целосно не се согласувам и 2 наставника или 5,1% одговориле не знам.<br><br>На тврдењето: **Информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период -** 70 родители или 57,4% одговориле целосно се согласувам, 42 родители или 34.4% одговориле се согласувам , додека само 6 родители или 4.9% одговориле не се согласувам, 2 родители или 1.6 % одговориле целосно не се согласувам и 2 родители или 1.6 % одговориле не знам. |

| | | |
|---|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Програма за Воннаставни активности<br>Прашалник за наставници | | На тврдењето: **Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период** – од вкупно 70 анкетирани ученици 20 ученици или 28.6% одговориле целосно се согласувам, 26 ученици или 37.1% одговориле се согласувам , додека само 13 ученици или 18.6% одговориле не се согласувам, 4 ученици или 5.7% одговориле целосно не се согласувам и 8 ученици или 11.4 % одговориле не знам. |
| Активности и програма за работа на<br>училишната библиотека/медиатека.<br><br>Прашалник за ученици<br>Прашалник за родители | Управување и раководење со ресурсите | **Делумно задоволува**<br>Во училиштето се изготвува план и распоред за користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности. Училиштето обезбедува потрошен материјал, по барање на наставниците за реализација на наставните и воннаставните активности.<br>На тврдењето: **Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности** -5 наставници или 12.8% одговориле целосно се согласувам, 21 наставници или 53.8% одговориле се согласувам, а 12 односно 30.8% одговорил со не се согласувам, 2 наставника односно 5.1% одговориле целосно не се согласувам и 0 наставници  или 0% одговориле не знам.<br><br>Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик. Библиотеката е добро е уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет и библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.<br>На тврдењето: **Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време-** од вкупно 70 анкетирани ученици 47 ученици или 67.1% одговориле целосно се согласувам, 23 ученици или 32.9% одговориле се согласувам , додека само 1 ученик или 1.4% одговориле не се согласувам, 0 ученици или 0% одговориле целосно не се согласувам и 2 ученика или 2.9 % одговориле не знам. |

| | | |
|---|---|---|
| | | На тврдењето: **Училишната библиотека е достапна за сите ученици -** 72 родители или 59% одговориле целосно се согласувам, 39 родител или 32% одговориле се согласувам , додека ниту еден родител не одговорил со не се согласувам, целосно не се согласувам и не знам. |
| Годишна програма за работа на училиштето<br>Увид во правилникот за систематизација<br><br><br><br><br>Прашалник за родители<br><br><br><br><br><br>Програма за професионален развој на наставниот кадар<br><br>Планови за професионален развој на наставниците и стручните соработници<br>Листи од спроведените обуки и списоци | Раководење со кадарот | **Многу добро**<br>Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство. Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандарди<br><br>Од анализата на резултатите од спроведениот прашалник за родители, од вкупно анкетирани 122 родители на тврдењето: **Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен -** 51 родители или 41.8% одговориле целосно се согласувам, 51 родител или 41.8% одговориле се согласувам , додека само 14 родители или 11.5% одговориле не се согласувам, 5 родители или 4.1% одговориле целосно не се согласувам и 5 родители или 4.1% одговориле не знам.<br><br>Во училиштето постои тим за професионален развој и програма за професионален развој која е изготвена врз основа на личните развојни планови на наставниците и стручните соработници, ја следи реализацијата на професионален развој и стручно усовршување на наставен кадар и изготвува извештај за реализација на проофесионален развој и стручно усовршување на наставен кадар.<br>Наставниот кадар, стручната служба и директорот во училиштето заеднички земаат учество на семинарите и обуките организирани од Министерство за образование и наука, Биро за развој наобразованието, УСАИД, Општината и други акредитирани институции.<br>Секој наставник поседува портфолио за професионален развој кое се пополнува зеднички со стручната служба и редовно се ажурира. |

| | | |
|---|---|---|
| Програми за менторство на приправници;<br><br>Прашалник за наставници<br><br>Програма за работа на стручните соработници и директорот<br><br>Програма за следење и вреднување<br>Интервју со директор и стручни соработници<br>Извештај од посета на наставни часови<br><br>Прашалник за наставници | | Училиштето има програми за менторство за воведување во работата на наставници-приправници. Во училиштето се врши десиминирање на ново стеканати знаења на останатиот наставен кадар.<br>Освен наставници, стручни соработници и раководниот кадар професионално се надоградуваат преку учество на семинари и обуки.<br>Од анализата на резултатите од спроведениот прашалник за наставници, од вкупно анкетирани 39 наставници на тврдењето: **Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби** - 13 наставници или 33.3% одговориле целосно се согласувам, 21 наставници или 53.8% одговориле се согласувам, а 4 односно 10.3% одговорил со не се согласувам, 1 наставник односно 2.6 % одговориле целосно не се согласувам и 0 наставници или 0% одговориле не знам.<br><br>На тврдењето: **Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам** - 10 наставници или 25.6% одговориле целосно се согласувам, 19 наставници или 48.7% одговориле се согласувам, а 8 односно 20.5 % одговорил со не се согласувам, 2 наставника односно 5.1 % одговориле целосно не се согласувам и 0 наставници или 0% одговориле не знам. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | **Многу добро**<br>Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку два наставни часа во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени листи за проверка/ протоколи како подготовка за успешно следење на наставниот час.<br>На тврдење:**Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие –**21 наставник или 53.8% одговориле целосно се согласувам, 14 наставници или 35.9% одговориле се согласувам, а 2 односно 5.1% одговорил со не се согласувам, 2 наставника односно 5.1% одговориле целосно не се согласувам и 0 наставници или 0% одговориле не знам. |
| Индикатор 4.2 Цели и креирање на училиишната политика | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |

| | | |
|---|---|---|
| Акциските планови за постигање на поставените цели<br>Планот за следење и евалуација на реализацијата на акциските планови<br>Развојна програма на училиштето<br>Самоевалуација<br>Записници од Наставнички совет<br><br>Интервју со директор на училиштето,<br>стручната служба,<br>наставниците,<br>родителите,<br>учениците | Процедури за креирање на училишната политика | **Многу добро**<br>Училиштето своите цели ги дефинира во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се јасни и реално остварливи и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и подигнување на квалитетот на постигањата на учениците. Вработените активно учествуваат во креирање и во реализирање на целите. Планирањето во Годишната програма за работа преку наодите во Извешајот за реализација во претходната учебна година се почетен услов за целокупно подобрување на образовната политика во училиштето.<br>Родителите, вработените, учениците и останатите чинители се вклучени во креирањето на училишната политика. |
| Годишната програма за работа на училиштето<br>Записници од Наставнички совет<br><br>Прашалник за наставници<br>Прашалник за родители | Резултати од развојно планирање | **Многу добро**<br>Целите на развојното планирање се конкретни и остварливи.<br>Приоритетите во училиштето се планираат врз основа на реалната состојба и реалните потреби и потенцијали на училиштето. Училиштето ги информира наставниците, родителите и учениците за поставените цели и динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати.<br><br>Ова се согледува и од анализата на резултатите од спроведените прашалници за наставници и родители.<br>Од анализата на резултатите од спроведениот прашалник за наставници, од вкупно анкетирани 39 наставници на тврдењето: **Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање -** 12наставници или 30.8% одговориле целосно се согласувам, 24 наставници или 61.5% одговориле се согласувам, а само 2 односно 5.1% одговорил со не се согласувам и 1 наставник или2.6% одговорил не знам.<br><br>На тврдењето**: Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето** од вкупно 122 родители, 30 родители или 24.6% одговориле целосно се согласувам, 54 родител или 44.3% одговориле се согласувам , додека 20 родители или 16.4% одговориле не се |

| | | |
|---|---|---|
| Буџет и Финансиски план<br>Извештаи од УО<br>Завршна годишна сметка<br><br>Прашалник за наставници<br>Прашалник за родители<br>Извештај од библиотекар | | согласувам, 5 родители или 4.1% одговориле целосно не се согласувам и 13 родители или 10.7% одговориле не знам. |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | **Делумно задоволува**<br>Директорот ги информира органите и телата за училишниот буџет и трошењето. Има изработено финансиски план за распределба на финансиските средства. Буџетот се користи наменски. Финансискиот план е одобрен од училишниот одбор и од Советот на општината.<br><br>Од анализата на резултатите од спроведениот прашалник за наставници, од вкупно анкетирани 39 наставници на тврдењето: **Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето –** 7 наставници или 17.9% одговориле целосно се согласувам, 18 наставници или 46.2% одговориле се согласувам, 7 односно 17.9% одговориле со не се согласувам, 3 наставници или 7.7 % одговорил целосно не се согласувам и 4 или 10.3% одговориле со не знам.<br><br>Од анализата на резултатите од спроведениот прашалник за родители, од вкупно анкетирани 122 наставници на тврдењето: **Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето -** 35 родители или 28.7% одговориле целосно се согласувам, 26 родители или 21.3% одговориле се согласувам , додека 17 родители или 13.9% одговориле не се согласувам, 12 родители или 9.8% одговориле целосно не се согласувам и 32 родители или 26.2% одговориле не знам. |

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| |
|---|
| Опис/ резиме на подрачјето<br>Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна.<br>Вработените редовно се информираат за сите фази на реализација на задачите зацртани во Годишната програма за работа на училиштето.<br>Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.<br>Вработените во училиштето, учениците и родителите се запознаени со целите, начелата и вредностите на училиштето.<br>За подобрување на инфраструктурата, за подобрување на условите за работа, училиштето изготвува проекти и аплицира до владини и невладини институции.<br>Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите |

капацитети за изведување на наставата и вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.
Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик,
Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.
Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство.
Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите.
Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.
Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.
Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители.
Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.
Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница.
Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.
Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства, но мал број наставници и родители се изјасниле дека се запознаени со буџетот на училиштето и како истиот се троши

| |
|---|
| Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината |
| Силни страни<br><br>Училишниот одбор одржува ефективни состаноци и донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи<br>Директорот ја организира работата и презема активност за подобрување на условите во училиштето.<br>Училиштето е добро раководено<br>Наставниците, родителите и учениците се информирани за целите и резултатите што треба да се постигнат во следниот период |
| Слаби страни<br><br>Мал број наставници и родители се изјасниле дека се запознаени со буџетот на училиштето и како истиот се троши |
| Приоритети<br><br>Да се подобрат условите и ресурсите за реализација на наставниот процес според Новата концепција во основното образование;<br>Обуки за наставниците за подобрување на наставата преку примена на современи техники и методи на работа;<br>Обезбедување услови за згрижување на ученици кои имаат потреба за дополнителни активности;<br>Реализација на проекти за подобрување на безбедноста и климата во училиштето. |

- Статистичка анализа на резултати од прашалник за наставен кадар за Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| | | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1 | Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање | 12<br>30.8% | 24<br>61.5% | 2<br>5.1% | 0 | 1<br>2.6% |
| 4.2 | Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки | 12<br>30.8% | 18<br>46.2% | 6<br>15.4% | 1<br>2.6% | 2<br>5.1% |
| 4.3 | Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности | 5<br>12.8% | 21<br>53.8% | 12<br>30.8% | 2<br>5.1% | 0 |
| 4.4 | Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби | 13<br>33.3% | 21<br>53.8% | 4<br>10.3% | 1<br>2.6% | 0 |
| 4.5 | Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие | 21<br>53.8% | 14<br>35.9% | 2<br>5.1% | 2<br>5.1% | 0 |
| 4.6 | За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација | 17<br>43.6% | 16<br>41% | 5<br>12.8% | 1<br>2.6% | 0 |
| 4.7 | Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам | 10<br>25.6% | 19<br>48.7% | 8<br>20.5% | 2<br>5.1% | 0 |
| 4.8 | Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците | 8<br>20.5% | 16<br>41% | 11<br>28.2% | 3<br>7.7% | 1<br>2.6% |
| 4.9 | Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето | 7<br>17.9% | 18<br>46.2% | 7<br>17.9% | 3<br>7.7% | 4<br>10.3% |

- Графички приказ на резултати од прашалник за наставен кадар за Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

4.1. Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање
39 responses




4.2. Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки
39 responses




4.3. Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности
39 responses




4.4. Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби
39 responses



4.5. Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие
39 responses




4.6. За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација
39 responses




4.7. Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам
39 responses




4.8. Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците
39 responses






- Статистичка анализа на резултати од прашалник за ученици за Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| | | ***Целосно се согласувам*** | ***Се согласувам*** | ***Не се согласувам*** | ***Целосно не се согласувам*** | ***Не знам/ Немам информација*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1 | Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период. | 20<br>28.6% | 26<br>37.1% | 13<br>18.6% | 4<br>5.7% | 8<br>11.4% |
| 4.2 | Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време. | 47<br>67.1% | 23<br>32.9% | 1<br>1.4% | 0 | 2<br>2.9% |
| 4.3 | Библиотеката/медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера. | 19<br>27.1% | 22<br>31.4% | 16<br>22.9% | 4<br>5.7% | 11<br>15.7% |

- Графички приказ на резултати од прашалник за ученици за Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики










- Статистичка анализа на резултати од прашалник за родители/ старатели за Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

| | | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.1 | Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето | 30<br>24.6% | 54<br>44.3% | 20<br>16.4% | 5<br>4.1% | 13<br>10.7% |
| 4.2 | Информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период | 70<br>57.4% | 42<br>34.4% | 6<br>4.9% | 2<br>1.6% | 2<br>1.6% |
| 4.3 | Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки | 60<br>49.2% | 45<br>36.9% | 5<br>4.1% | 3<br>2.5% | 9<br>7.4% |
| 4.4 | Училишната библиотека е достапна за сите ученици | 72<br>59% | 39<br>32% | 0 | 0 | 0 |
| 4.5 | Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен | 51.<br>41.8% | 51<br>41.8% | 14<br>11.5% | 5<br>4.1% | 5<br>4.1% |
| 4.6 | Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето | 35<br>28.7% | 26<br>21.3% | 17<br>13.9% | 12<br>9.8% | 32<br>26.2% |

- Графички приказ на резултати од прашалник за родители/ старатели за Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики



4.2. Информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период
122 responses




4.3. Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки
122 responses




4.4. Училишната библиотека е достапна за сите ученици
122 responses









# Интервју со стручни соработници и директор

Подрачје 1

1.1. Опишете како се одвива процесот на професионален развој на наставниците за примена на современи методи и техники на планирање на наставата.

**Училиштето обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата преку понудените акредитирани обуки од БРО, обуки од МОН, општината, како и од невладини организации и учество на проекти.**

**Има пракса да се врши дисеминација на основните обуки на останатите наставници и стручни соработници.**

1.2. Каков е процесот на планирање и следење на планирањата на наставниците?

a. Како вообичаено наставниците ги подготвуваат планирањата на наставата

**Индивидуално, стручни активи, регионални- преку одобрените планирања за изборни предмети од страна на БРО/меѓународни искуства**

b. Кој ги следи планирањата

**Стручната служба и директор**

Колку често- **Во континуитет**

c. Како се дава поддршка за подобрување?

**Педагошката служба преку разговор и споделување на искуства, дава поддршка за подобрување на планирањата на наставниците**

d. Според Вас, какви се ефектите од овој процес во наставата?

**Ефектите од континуираната поддршка од овој процес во наставата се задоволителни, позитивни**

1.3. Како училиштето се одвива наставата во случај на отсуство на наставник?

**Се обезбедува замена од постоечкиот кадар за отсутниот наставник**

1.4. Како се одвива процесот на понудување и избор на слободни изборни активности и предмети?

**Со споделување на анкетен лист, кој го потпишуваат родителите.**

1.5. Колку учениците имаат можност да посетуваат (слободни) изборни предмети и активности согласно сопствениот избор/интерес?

**Сите ученици имаат можност.**

**1.6.** Како вообичаено се одвиваат наставните часови?

**Наставата е организирана според педагошките стандарди и закони. Наставниците преку користење на позитивни приоди и современи методи, активно учење, пофалби, индивидуален пристап и други методи се стремат кон зголемување на мотивијацијата кај учениците.**

Какви ресурси вообичаено користат наставниците за реализирање на наставата?

**Аудио-визуелни помагала, манипулативи, останата литература.**

a. Колку често се користат современи приоди во наставата (на пр. искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн.)? Колку од наставниците од вашето училиште избираат и применуваат методи и техники кои овозможуваат интеракција помеѓу учениците и слободно изразување?

**Сите наставници користат современи приоди во наставата, преку методи и техники кои овозможуваат интеракција помеѓу учениците и слободното изразување. Истите методи и техники се користат и за учениците со ПОП, само прилагодени на соодветното ниво.**

Дали имате формирано инклузивен тим на училиштето и инклузивен тим за ученици?

**Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим и инклузивен тим на ученици .**

a. Како се одвива процесот на изготвување, примена и следење на индивидуалните образовни планови?

**Со соработка на специјалниот едукатор и рехабилитатор на училиштето и наставниците за секој предмет.**

b. Каква е соработката со надлежниот ресурсен центар? Со образовните асистенти?
**Сметаме дека целосната образовна инклузија се уште не може да се примени, бидејќи училиштата и кадарот не поседуваат соодветни услови и обучен кадар. Во училиштето има формирано Училишен инклузивен тим и инклузивен тим на ученици, кои остваруваат редовни средби на кои се прават планирања и разрешуваат проблемски ситуации, доколку се појават. Во процесот на изготвување на индивидуални образовни програми вклучени се инклузивните тимови на учениците, заедно со предметните наставници на учениците со посебни потреби. Соработката со надлежниот ресурсен центар е на задоволително ниво, иако има простор за подобрување. Соработката со образовните асистенти е на завидно ниво.**

Какви (наставни/вонннаставни) активности за меѓуетничка интеграција се спроведени изминатите две години?- **Проект за МИО**
**Нашето училиште има формирано тим кој се состанува периодично и успешно се справува со предизвиците, иако во изминатите години поради пандемијата работата беше отежната, но сепак се оствари од далечина. Континуирано соработуваме со локалната самоуправа**

1.7. Како вообичаено оценуваат наставниците?
   a. Какви критериуми за оценување користат? Како ги развиваат?
   b. Какви методи, форми и инструменти за оценување се користат? Како се развиваат и унапредуваат?
   c. Колку од наставниците применуваат формативно оценување?
   d. На кои начини родителите и учениците се запознаваат со критериумите за оценување?
   e. Како информациите од оценувањето се користат во наставата?

**Наставниците ги оценуваат учениците според стандардите добиени од МОН каде што се користи формативно и сумативно оценување. Учениците тековно се запознаваат со критериумите за оценување, а родителите на родителски средби. Учениците кои имаат потешкотии добиваат повратни информации од наставниците, за нивните стекнати знаења и насоки како да го подобрат својот успех, а ги поттикнува учениците кои покажуваат повисок степен на знаења како да ги прошират своите знаења.**

1.8. Какви воннаставни активности се спроведуваат во училиштето?
   a. Колку од учениците се вклучени во воннаставните активности? **Сите ученици**
   b. Колку учениците се вклучени во планирањето на ВА? **Преку училишниот парламент, учениците се запознаваат со можностите на воннаставни активности**

1.9. Колку учениците од вашето училиште учествуваат во натпревари? Како вообичаено се определуваат учениците кои ќе учествуваат во натпревари?

**Секој ученик добива можност да се пријави за натпревар, а потоа наставниците работат на подготовка со нив**

Подрачје 2

2.1 Дали училиштето прибира податоци за постигнувањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациони периоди?

**Се води одредена статистика по квалификациони периоди**

   a. Што покажуваат податоците?

**Податоците покажуваат дека има подеднаков успех кај двата пола**

2.2. Доколку училиштето било вклучено во државно тестирање/меѓународни оценувања, колку сте задоволни резултатите?

**Училиштето беше вклучено во државно тестирање, но сеуште нема добиено резултати.**

2.3. Кои се прецедурите за идентификување на ученици со тешкотии во учењето, надарени ученици и ученици со попреченост? Каква подршка добиваат учениците за подобрување на постигањата?

**На почетокот на учебната година, во соработка со одделенските и предметните наставници, се врши следење и идентификување на учениците. Учениците со тешкотии следат дополнителна настава, а надарените ученици следат додатна настава. Учениците со**

**ПОП добиваат поддршка според извршената проценка според МКФ, односно образовна асистенција, индивидуална работа со училишен специјален едукатор и рехабилитатор, користење на асистивна технологија, изготвување на ИОП-и итн. Сето тоа се врши во соработка со наставниците.**
2.4. Колку  сте задоволни од редовноста на учениците? Кои мерки се превземаат за учениците кои се нередовни?
**Иако редовноста на учениците е добра, по потреба се вршат советувања од страна на стручна служба- се повикуваат родителите и учениците**
2.5. Како се спроведуваат советувањата на родители и ученици? Како би ги проценилe ефектите од советувањата врз подобрување на редовноста, успехот и однесувањето?
**Советувањата се спроведуваат според програма за советувања на родители и ученици во основно училиште, преку индивидуални, групни средби. Советувањата на родителите се спроведуваат четири пати во текот на една учебна година (после секое тримесечје), после одржување на одделенските совети. Учениците и родителите се советуваат доколку:**
**ученикот има повеќе од три негативни оценки,**
**има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци,**
**ако учениците имат недолично однесување.**
**Родителите се повикуваат на советување, како и учениците, а  секој родител и ученик задолжително треба да присуствува на советувањето. Се изработуваат извештаи од извршените советувања кои ги потпишуваат родители/ старатели и учениците. Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.**

Подрачје 3

3.1. По што е препознатливо вашето училиште во локалната средина?
**Нашето училиште е познато по угледот и имицот стекнати со  квалитетно работење, компетентен наставен кадар како и учество и освоени голем број награди на натпревари, проекти, манифестации и постигнување на високи резултати. Ова е овозможено со голем труд и залагања од страна на наставниот и стручниот кадар, како и раководството кое е насочено кон исполнување на мисијата и визијата. Вработените во училиштето постојано се стремат за подобрување на меѓусебната професионална соработка, која е една од основните услови за добра атмосфера во училиштето која се пренесува на родителите и посетителите на училиштето. Во училиштето постои усвоен кодекс на однесување со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Во изработката на кодексот учество зеле сите структури и истиот е изложен на видно место заедно со куќниот ред.**

a. Со какви вонаставни активности се афирмирате?

**Учество на хор и спортски секции во натпревари**
3.2. Кога и на кој начин е донесен Кодексот на однесување на училиштето?
**Кодексот на однесување за сите структури во училиштето е донесен на Наставнички совет. Со почитување на кодексот се обезбедува успешно одвивање на воспитно-образовната работа во училиштето, се подобрува работната дисциплина, безбедноста во училиштето, се заштитува училишниот имот како и имотот на учениците, вработените, родители на ученици и трети лица со што се подобрува угледот на училиштето.**

a. Кој сè учествувал во процесот? Дали се практикува ажурирање на содржината на Кодексот?

**Во процесот на донесување на кодексот учествуваат сите структури во училиштето(ученици, наставници, родители, врботени во училиштето)**

3.3. Како би ја опишале генералната клима во училиштето? Како ја проценувата соработката помеѓу кадарот?

**Во нашето училиште генералната клима помеѓу сите структури во него е на задоволително ниво, што е основа за квалитетна и непречена работа . Во училиштето постои професионална соработка помеѓу вработените која придонесува за постоење на добра атмосфера, која се пренесува на родителите и посетителите во училиштето**

a. Колку, според вас, во училиштето се застапени закани, говор на омраза, провокации, навреди и сл.? Како се постапува по истите?

**Во нашето училиште многу малку се застапени закани, говор на омраза, провокации, навреди и сл., а доколку се појават такви случаеви веднаш се реагира најпрво од одделенскиот раководител и педагошко психолошката служба преку советодавни разговори, примери, работилници како и свикување и разговори со родители и ученици.**

**b.** Колку средината е поттикнувачка за учениците?

**Позитивниот и мотивирачки став на наставниците, како и користењето на поттикнувачки методи на работа во наставата, ја прават средината мотивирачка и буди интерес за учење кај учениците. Дополнителни поттици им се даваат на учениците со изложување на нивните трудови и награди во училишните холови**

c. Каква е работната дисциплина за време и надвор од часовите?

**Работната дисциплина во училиштето за време и надвор од часовите е на високо ниво**

3.5. Како функционира Ученичкиот парламент и Ученикот правобранител?

**Ученичкиот парламент работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш во текот на месецот, освен во месеците кога учениците се на годишен распуст. Ученички правобранител е ученичка функција и должност која претставува нов модел на ученичко учество, доста значаен за заштита на детските права во училиштето. За да се обезбеди поголемо вклучување во различни одделенија, во нашето училиште освен ученички правобранител се избираат и (најмалку) двајца негови заменици.**

Какви активности спроведуваат**?**

**Во однос на улогата и надлежностите според членот 68, став 6 од Законот, ученичкиот парламент:**

**1) активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците,**
**2) го промовира ученичкиот активизам,**
**3) учествува во активностите за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и вonнаставните активности,**
**4) учествува во подготовката на годишната програма за работа,**
**5) дава предлог-активности за годишните програми за екскурзии,**
**6) дава предлози за воннаставни активности на училиштето,**
**7) дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,**
**8) учествува во евалуацијата на работата на училиштето,**
**9) преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет**

**10) организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.**
**Понатаму, ученичкиот парламент исто така:**
**1) ги донесува правилникот за работа на заедницата на паралелките и ученичкиот парламент, годишната програма за работа и други акти изработени од координативното тело на ученичкиот парламент;**
**2) активно учествува во процесот на планирање на развојот на училиштето;**
**3) го промовира ученичкиот активизам преку едукативни содржини, тркалезни маси, дискусии, дебати, истражувања, хуманитарни и еколошки акции, културни и спортски манифестации;**
**4) поднесува иницијативи и барања до училишните органи за подобрување на пристапот и квалитетот на образование во училишната установа;**
**5) соработува со институциите и другите организации што работат со младите;**
**6) промовира отчетност и транспарентност пред сите ученици преку јавно информирање за своите активности. Задачата на ученичкиот правобранител за промовирање на детските права се реализира преку промотивни активности (едукативни работилници, дебати, инфоденови итн.)**
**Втората задача на ученичкиот правобранител и неговите заменици е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител препознава прекршување на детските права и прибира поплаки од учениците, кои понатаму ги доставува до стручната служба на натамошно решавање.**
Колку ученичкиот парламент се поканува и присуствува на состаноците на Училишниот одбор, Наставничкиот совет и Советот на родители?
**На состаноците на Училишниот одбор се повикуваат почесто претставниците на ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител, додека на состаноците на Наставничкиот совет и Советот на родители не се повикани.**
Како училиштето ја поттикнува соработката со родителите?
**Преку континуирана и транспарентна соработка. Родителите активно учествуваат во работата на училиштето во интерес на децата како и учество во изготвувањето на Годишни извештаи, Совет на родители, Управен одбор. Активна соработка има и преку: приемни денови, средби со одделенски раководители, разговори со стручна служба и директор, за што се води евиденција.**

Наведете примери на активности и резултати од истите.
**Заедничко учество со родители за отварање ресурсна соба „Отворете ги прозорците“,**
Примери на подджани иницијативи на родителите.
**Воведување на униформи за учениците, хуманитарни хепенинзи базари.**
3.7. Како училиштето соработува со заедницата?
**Училиштето има успешна соработка со локалната средина, а целта на оваа соработка е да се стави во педагошка функција се што локалната средина може да понуди за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето, а исто така училиштето да влијае на подигање на културно – образовното ниво на месното население. Училиштето организира и реализира посебни програми за одбележување на значајни датуми, јубилеи и учество на културни манифестации**
3.8. Колку често во училиштето се реализираат работилници со теми поврзани со заштита од пушење,алкохол и дрога?-
**Се организираат едукативни предавања во рамки на самото училиште, како предавања кои се одржуваат во нашето училиште во**

**соработка со СВР Скопје и соработка со невладини организации**
Како ги проценувате ефектите?- **Позитивни ефекти**
3.9. Што презема училиштето за (1) запознавање и почитување на правата на децата?- **Одделенските раководител ги запознава родителите и децата за правата на децата преку совет на родители, одделенски часови, одбележување на значајни меѓународни денови, преку наставна содржина во текот на годината и сл**.
За (2) промовирање еднаков и правичен третман кон сите ученици? – **Едукативни предавања**
За (3) превенција и заштита од насилство?- **Протокол за заштита од насилство, едукативни предавања, предавања во соработка со СВР**
Како ги проценувате ефектите од ваквите активности - **намалување на дискриминација и стереотипизирање, намалување на поплаките на учениците и родителите, вклучување на учениците од маргинализирани/ранливи категории, намалување на случаите на насилство.**

3.10. Што презема училиштето за да им помогне на учениците од социјално-загрозени семејства?- Б**есплатен училишен оброк, со локална заедница одмор, се донира училишен прибор, им се овозможува бесплатна екскурзија, Училиштето има обезбедено секојдневен оброк за овие ученици, По потреба се организираат два пати во текот на годината хуманитарни акции во септември(кога се донира училишен прибор). Исто така во соработка со туристичките**
**агенции се обезбедува попуст или гратис патувања и викенди за учениците од социјално загрозените семејствакако и гратиси или попусти за**
**посети на театри, музеи, кина, културно историски споменици и др**
3.11. Како училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава?
**Наставата за овие ученици се реализира во договор со наставникот или онлајн настава со ученикот доколку е во можност да ја следи таа настава**
3.12. Колку учениците се обраќаат до сручната служба во ситуации кога се соочуваат со проблем, се чувствуваат загрижени, тажни, лути и сл.?
**Учениците континуирано, во текот на целата година се обраќаат до стручна служба за различни проблеми, потреба за разговор или барање помош.**
Дали училиштето спроведува активности за социо-емоционално учење? Дајте пример.
**Се спроведуваат работилници, нпр- работилници за емоционална писменост**.
3.13. Како е организиран процесот на помагање на учениците и нивните родители за избор/продолжување на образованието?
**Од страна на стручната служба во училиштето се спроведуваат анкети за професионална ориентација на учениците, им се објаснува на учениците критериуми и документи потребни за упис во средните училишта, добиваат анализирани резултати од анкетирањето- односно насоки за индивидуални вештини и способности на секој ученик посебно, презентација.**
**По претходно барање од средните училишта, им се овозможува директна средба со професори од училиштата кои вршат презентација на своите училишта, со струките и занимањата кои постојат во нив, условите за запишување, можностите за**

**напредување и идно вработување.**
**Училиштето во своите простории овозможува и презентации од страна на средните училишта, дистрибуција на флаери до учениците и родителите, презентации за условите кои ги нудат средните училишта, во соработка со локалните средни училишта Стручната служба во училиштето работи на професионалното информирање и ориентирање на учениците преку едукација за избор на струка и училиште во кое ќе го продолжат своето средно образование.**

Подрачје 4

4.1. Каква е соработката помеѓу директорот на училиштето и Училишниот одбор?
**Кодексот на однесување за сите структури во училиштето е донесен на Наставнички совет. Со почитување на кодексот се обезбедува успешно одвивање на воспитно-образовната работа во училиштето, се подобрува работната дисциплина, безбедноста во училиштето, се заштитува училишниот имот како и имотот на учениците, вработените, родители на ученици и трети лица со што се подобрува угледот на училиштето.**
4.2. Како се одвива процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет во училиштето?

**a.** Кој учествува при развојното планирање?

**Директор, стручнаслужба, наставници, родители, ученици,**

b. Каква е соработката помеѓу различните чинители?

**Соработка постои помеѓу различните чинители и така се доаѓа до правилни и конечни одлуки**.
4.3. Колку ефективно, според Вас, се користат ресурсите во училиштето (просторните капацитети, материјалите за работа)? Со какви предизвици се справувате и како ги надминувате?
**Сите простории и ресурси се правилно искористени,училници,кабинети,според бројот и потреби на учениците.**

4.4. Како се одвива процесот на планирање и обезбедување на потрошен материјал за реализација на наставата и вонаставните активности (на пр. колку родителите се ангажирани за обезбедување, колку училиштето)? Кои се предизвиците и како се надминуваат?
**Нашето училиште води сметка за потрошен материјал,се набавува со резерви оптимални за потребите,Родителите понекогаш учествуваат по своја зелба без никакви притисоци.**

4.5. Со какви предизвици се справувате за обезбедување соодветен наставен кадар и сручни соработници?
**Кодексот на однесување за сите структури во училиштето е донесен на Наставнички совет. Со почитување на кодексот се обезбедува успешно одвивање на воспитно-образовната работа во училиштето, се подобрува работната дисциплина, безбедноста во училиштето, се заштитува училишниот имот како и имотот на учениците, вработените, родители на ученици и трети лица со што се подобрува угледот на училиштето.**

4.6. Како е организиран процесот на професионален развој на кадарот? Како се спроведува кариерното напредување?
**Преку овозможување на учество на кадарот во акредитирани обуки, обуки и работилници организирани од владини и невладини**

**организации**

4.7. Дали училиштето има воспоставени механизми за пофалување/наградување на наставниците кои дополнително се ангажираат преку професионален развој, внесување иновации во работата, постигнување резултати со учениците? Ако да, кои се механизмите?

4.8. Како се одвива процесот на следење на квалитетот на реализација на наставата?

a. Кој следи?

**Директор и стручна служба, советници од Биро за развој на образованието**

b. Честота на следење.- **2 пати во полугодие (директор и стручна служба)**

c. Процес на давање повратна информација.- **веднаш по извршување, со подготвени чек листи**

4.9. На кои начини се споделуваат информации со засегнатите страни за:

a. Резултатите кои треба да се постигнат со развојната програма- струни активи, соработка со наставници

**Резултатите од сработеното по стручни активи се споделува на наставницки совет и се користат податоци за Годишниот известај на работата на училиштето.**

b. Користењето на буџетот на училиштето

**c. Користењето на средства е транспарентно со потписи за одобрување на одредени трошоци,спроведено преку сметководител и на увид на службите одобрено од Општина Центар,МОН.**

ИЗВЕШТАЈ

Од самоевалуација на ООУ Кочо Рацин период јуни 2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ------------- година“) Општинското основно училиште Кочо Рацин изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024 година.

За таа цфедл, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на – година формираше комисија за спроведување на самоевалуација во следниов состав.

1. Верица Костовска- педагог
2. Арнела Ќириќ Скоко- психолог
3. Анета Гогушевска/ Билјана Денкова- ментори и одделенски наставници
4. Билјана Црвенова- предметен наставник
5. Јасмина Чашуле- родител

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот мај-јуни 2024 годин. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно- образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, наставаи учење | Весна Мораитова- координатор<br>1. Радмила Страшевска Ристиќ<br>2. Наташа Митрова<br>3. Габриела Апостолска<br>4. Ирина Шорева<br>5. Виолета Лесанска<br>6. Весна Попадиноски |
| 2. Постигања на учениците | Весна Бојаџиева- координатор<br>1. Катерина Музелова<br>2. Ирена Костовска<br>3. Славица Силјановска<br>4. Валентина Зафировска<br>5. Сања Мерџановска<br>6. Марина Гроздановска |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | Валентина Петровска- координатор<br>1. Викторија Николовска<br>2. Катерина Вукашиновски<br>3. Диана Марковски<br>4. Катарина Миновска<br>5. Катива М. Христовска<br>6. Снежана Шумковска |
| 4. Управување и раководење | Јасмина Спостолова- координатор<br>1. Александар Тошевски<br>2. Анета Гогушевска<br>3. Славица Мирчевска<br>4. Зорица Насевска<br>5. Цветанка Тасевска<br>6. Јане Боровски |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација  и изворите, врз основа на што ги

обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/ резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/ реализацијата на Развојната програма на училиштето.
По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина. Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на --------година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во односна тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/ реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето. Во овој извештај ќе го преземтираме описот/ резимето, силните страни, слабите трани и приоритетите во однос на секое подрачје.

| |
|---|
| Подрачје 1: Планирање, настава и учење |
| Опис/ резиме на подрачјето<br><br>Во учебната 2023/24год. согласно добиените резултати од анкетните листови за ученици, родители и наставници кои се однесуваат на подрачјето: Планирање, настава и учење, добиени се информации за понатамошен развој и подобрување на планирањето, спроведувањето на наставата и учењето на учениците.<br>Училиштето им обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници.<br>Голем број од испитаниците сметаат дека добиваат поддршка од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице при изготвувањето на планирањето за наставниот предмет.<br>Поголем број сметаат дека се следат планирањата на наставниците и има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Голем број од испитаниците сметаат дека во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.<br>Поголем број од испитаниците сметаат дека наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта.<br>Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и сл.<br>Наставата се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар. Во текот на учебната година најголем дел од испитаниците сметаат дека учениците ги имаат сите наставни часови, согласно распоредот, додека изборните/ слободните изборни активности и предмети |

се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.
Поголем дел од испитаниците ученици и родители сметаат дека се запознати со листата на изборни предмети и активности како и по слободен избор се избрани согласно интересите на учениците.

Задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците, во соработка со специјален едукатор и рехабилитатор од нашето училиште.
Притоа, најголем дел од испитаниците наставници сметаат дека користат различни приоди и ресурси за учење и настава, не ограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература, со што се согласуваат поголем дел од испитаниците ученици и родители.

Интеракцијата меѓу учениците и наставниците и учениците меѓусебно е на задоволително ниво. Сите наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање, при што се обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите на часот, како и изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците.
Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива.
Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО. Поголем број од наставниците реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план. Тимот за МИО учествувал во проект за Меѓуетничка интеграција во образованието.
Поголем дел од учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.
Поголем дел од наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето.
Училиштето на ниво на стручни активи има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања.
Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците.
Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата.
Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

| |
|---|
| Училиштето планира и реализира разновидни вonнаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците.<br>Во училиштето, се реализирани општествено-хуманитарни активности во рамките на воннаставните активности., но родителите не се доволно запознаени за вклученоста на учениците во активности со ученици кои учат на различни јазици.<br>Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер. |
| Силни страни<br><br>На часовите учениците имаат можност да учат на различни начини и да користат различни материјали и извори за учење<br>Наставниците ги поддржуваат и мотивираат да учествуваат на различни натпревари и проекти<br>Наставниците редовно ги известуваат за нивните постигнувања и начините за нивно подобрување.<br>Во училиштето имаат избор на различни воннаставни активности, во кои се вклучени сите ученици.<br>Изборните предмети / активности кои ги посетува ученикот се избрани согласно своите интереси.<br>Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на учениците.<br>Наставниците имаат добра комуникација со родителите<br>Наставниците добиваат поддршка од директорот и стручната служба при изготвување и следење на планирање за наставниот предмет/предмети.<br>Задачите и активностите на часовите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.<br>Наставниците поттикнуваат интеракција за време на часовите.<br>Во училиштето се реализираат МИО (интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план.<br>Наставниците имаат успешна соработка со образовните асистенти.<br>Наставниците применуваат разни начини на оценување на учениците. |
| Слаби страни<br>Мал број од родители/ старатели се запознаени за вклученоста на учениците во активности со ученици кои учат на различни јазици. |

| |
|---|
| Приоритети<br><br>Родителите навремено и целосно да се запознаат за вклученоста на учениците во активности со ученици кои учат на различни јазици. |

| |
|---|
| Подрачје 2: Постигања на учениците |
| Опис/ резиме на подрачјето<br><br>Во учебната 2022/23г се забележува подобрување на постигањата на учениците на образовен план во и надвор од училиштето.<br>Советување на родители/ старатели и ученици- Советувањата на родителите се спроведуваат четири пати во текот на една учебна година (после секое тримесечје), после оддржување на одделенските совети. Учениците и родителите се советуваат доколку:<br>ученикот има повеќе од три негативни оценки,<br>има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци,<br>ако учениците имат недолично однесување.<br>Родителите се повикуваат на советување, како и учениците, а  секој родител и ученик задолжително треба да присуствува на советувањето. Се изработуваат извештаи од извршените советувања кои ги потпишуваат родители/ старатели и учениците.<br>Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати. |

| |
|---|
| Силни страни<br><br>За постојано подобрување на постигањата на учениците се планираат и превземаат конкретни активности ( соработка во стручни активи за подобрување на квалитетот на редовната настава, активирање на натпревари, квизови итн). Според анкетите 87% од учениците смета дека наставниците постојано ги поттикнуваат на подобрување на нивниот успех.<br><br>Во училиштето има изготвено процедура за идентификација на ученици со тешкотии во учењето, ученици со посебни образовни потреби<br><br>Училиштето ја практикува инклузијата на децата со посебни образовни потреби во секојдневните свои активности и со нив работат одделенските и предметните наставници во соработка со стручната служба.<br><br>Во училиштето се следи и анализира редовноста на учениците. Одделенскиот раководител мора да биде известен од родителот со порака на почетокот на денот дека детето ќе биде отсутно, а после подолго отсуство да помогне во организацијата за постигнување на училишните обврски на ученикот. 95% од родителите се задоволни од континуираното информиеање.<br><br>Учениците редовно добиваат повратни информации и препораки за нивните постигнувања и напредок во учењето, а и родителите се навремено известени со користење на групите за комуникација, како и индивидуално. Според анкетите 92% од учениците и 76% од родителите сметаат дека се редовно информирани.<br><br>Во учебната 2021/2022 година учениците освоиле 48 награди на општински натпревари, 37 награди на регионални натпревари, 22 награди на државни натпревари и 2 меѓународни натпревари, а во учебната 2022/2023 година учениците освоиле 65 награди на општински натпревари, 60 награди на регионални натпревари, 25 награди на државни натпревари и 2 на меѓународни натпревари. |
| Слаби страни<br><br>Информирањето на учениците за додатна и дополнителна настава според анкетите не е доволно добро |

| |
|---|
| Приоритети<br><br>Примена на повеќе различни начини за информирање на учениците за додатна и дополнителна настава, односно споделување на распоредот за додатна и дополнителна и повеќе усно појаснување. |

| |
|---|
| Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето |
| Опис/ резиме на подрачјето<br>Имиџот на училиштето, неговата слика како и климата и културата во него се многу добри и истите се синоним за училиштето и афирмација з истото на локално, национално и меѓународно ниво. Во училиштето има истакнати кодекси на однесување, како и куќен ред на кој се придржуваат сите засегнати страни. Наставниците, стручната служба, учениците и родителите водат грижа за дисциплината и поведението на учениците. Постојано се води педагошка евиденција и документација, како и записници и извештаи за справување со најразлични ситуации во текот на работата на Стручната служба. Учениците имаат ученички парламент и учетвуваат во донесувањето на одлуки и решавање на проблеми. Имаат училишен правобранител и имаат постојани активности според програмата која е доставена за работа. Во училиштето се почитуваат правата на децата и наставниците имаат соодветни активности како наставни така и воннаставни со што учениците се запознати со детските права и обврски, а исто така и родителите. Во училиштето се воспоставува еднаков третман на сите ученици и се спроведува правичност и еднаквост како и еднаков пристап на сите ученици во училиштето. Училиштето и наставниците имаат постојана и продуктивна соработка со родителите/старателите на учениците и истоте се активно вклучени во работата на училиштето. Училиштето има склучено голем број на меморандуми за соработка со локалната заедница и инсттуции, невладини организации и акредитирани организации кои постојано ја следат работата, се вклучени и донираат соодветна опрема или интелектуални услуги во училиштето. Постојано се организираат предавања, едукации и се реализираат наставни и воннаставни активности за превенција и справување со врсничкото насилство. Исто така во соработка со локалнта средина, надлежни институции се  организираат  предавања за заштита и превенција од заразни болести како и квалитет на храна и здрава исхрана, како и заштина од дрога, алкохол и пушење, но, според резултатите од анкетите, училиштето треба да се |

| |
|---|
| организира повеќе активности на таа тема.  Во училиштето се спроведуваат редовни санитарни и систамтски прегледи за наставниците и учениците. Педагошко психолошката служба води постојана евиденција и документација согласно потребите на учениците и постојано комуницира со наставниците и родителите во справувањето со социо-емоционалните проблеми на учениците, водејќи постојана грижа за менталното здравје на учениците. Стручната служба во соработка со учениците, наставниците и родителите даваат  поддршка и насочување на учениците за продолжување на нивното образование |
| Силни страни<br>Учениците во училиштето се чувствуват сигурно и безбедно.<br>Имам еднакви можности за учество на активностите во училиштето како и другите ученици<br>Педагогот и психологот во училиштетот секогаш ни даваат подршка и совет.<br>Информирани сме како да постапиме ако ни се случи или забележиме врсничко насилство во училиштето.<br>Учениците се им се обраќаат на наставниците и стручната служба при соочување со конфликти, социо-емоционални предизвици и останати проблеми. |
| Слаби страни<br><br>Не е честа појава да учествуваме на работилници на штетните влијанија на пушењето алкохолот и наркотичните средства. |
| Приоритети<br><br>Училиштето да организира и спроведува повеќе активности за штетните влијанија на пушењето алкохолот и наркотичните средства. |

| |
|---|
| Подрачје 4: Управување и раководење |

Опис/ резиме на подрачјето
Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна.
Вработените редовно се информираат за сите фази на реализација на задачите зацртани во Годишната програма за работа на училиштето.
Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.
Вработените во училиштето, учениците и родителите се запознаени со целите, начелата и вредностите на училиштето.
За подобрување на инфраструктурата, за подобрување на условите за работа, училиштето изготвува проекти и аплицира до владини и невладини институции.
Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите
капацитети за изведување на наставата и вонаставните активности, со што ги задоволува
потребите на учениците.
Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик.
Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива. Во библиотеката се води електронска евиденција за издадените и вратените книги. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот.
Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство.
Наставниот кадар е распределен на начин кој обезбедува соодветно и ефикасно искористување на наставните ресурси, при што најголем број од паралелките во училиштето имаат оптимален број на ученици согласно нормативите и стандардите.
Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.
Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја. Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.
Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители.
Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.
Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. При нивното поставување се вклучени наставниците-ментори, наставниците, родителите, учениците, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница.

| |
|---|
| Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.<br>Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства, но мал број наставници и родители се изјасниле дека се запознаени со буџетот на училиштето и како истиот се троши. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор Советот на општината |
| Силни страни<br><br>Училишниот одбор одржува ефективни состаноци и донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи<br>Директорот ја организира работата и презема активност за подобрување на условите во училиштето.<br>Училиштето е добро раководено<br>Наставниците, родителите и учениците се информирани за целите и резултатите што треба да се постигнат во следниот период |
| Слаби страни<br><br>Мал број наставници и родители се изјасниле дека се запознаени со буџетот на училиштето и како истиот се троши |
| Приоритети<br><br>Да се подобрат условите и ресурсите за реализација на наставниот процес според Новата концепција во основното образование;<br>Обуки за наставниците за подобрување на наставата преку примена на современи техники и методи на работа;<br>Обезбедување услови за згрижување на ученици кои имаат потреба за дополнителни активности;<br>Реализација на проекти за подобрување на безбедноста и климата во училиштето. |

Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

| |
|---|
| Анкета за родители/ старатели- Анкетирани 122 родители/ старатели, одговорени 122 (100%) |
| Анкета за наставници- Анкетирани 44, одговориле 39 (88.7%), не одговориле 5 (11.3%) |

Анкета за ученици- Анкетирани 70, одговориле 70 (100%)

Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/ стручна служба-

- Училиштето обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата преку понудените акредитирани обуки од БРО, обуки од МОН, општината, како и од невладини организации и учество на проекти има пракса да се врши дисеминација на основните обуки на останатите наставници и стручни соработници
- Наставата е организирана според педагошките стандарди и закони. Наставниците преку користење на позитивни приоди и современи методи, активно учење, пофалби, индивидуален пристап и други методи се стремат кон зголемување на мотивијацијата кај учениците.
- Сите наставници користат современи приоди во наставата, преку методи и техники кои овозможуваат интеракција помеѓу учениците и слободното изразување. Истите методи и техники се користат и за учениците со посебни потреби, само прилагодени на соодветното ниво.

Во училиштето има формирано Училишен инклузивен тим и инклузивен тим на ученици, кои остваруваат редовни средби на кои се прават планирања и разрешуваат проблемски ситуации, доколку се појават. Во процесот на изготвување на индивидуални образовни програми вклучени се инклузивните тимови на учениците, заедно со предметните наставници на учениците со посебни потреби. Соработката со надлежниот ресурсен центар е на задоволително ниво, иако има простор за подобрување. Соработката со образовните асистенти е на завидно ниво.

- Наставниците ги оценуваат учениците според стандардите добиени од МОН каде што се користи формативно и сумативно оценување.

Учениците тековно се запознаваат со критериумите за оценување, а родителите на родителски средби. Учениците кои имаат потешкотии добиваат повратни информации од наставниците, за нивните стекнати знаења и насоки како да го подобрат својот успех, а ги поттикнува учениците кои покажуваат повисок степен на знаења како да ги прошират своите знаења.

- Советувањата се спроведуваат според програма за советувања на родители и ученици во основно училиште, преку индивидуални, групни средби. Советувањата на родителите се спроведуваат четири пати во текот на една учебна година (после секое тримесечје), после оддржување на одделенските совети. Учениците и родителите се советуваат доколку:

ученикот има повеќе од три негативни оценки,
има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци,
ако учениците имат недолично однесување.

Родителите се повикуваат на советување, како и учениците, а секој родител и ученик задолжително треба да присуствува на советувањето. Се изработуваат извештаи од извршените советувања кои ги потпишуваат родители/ старатели и учениците. Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.

- Кодексот на однесување за сите структури во училиштето е донесен на Наставнички совет. Со почитување на кодексот се обезбедува успешно одвивање на воспитно-образовната работа во училиштето, се подобрува работната дисциплина, безбедноста во училиштето, се заштитува училишниот имот како и имотот на учениците, вработените, родители на ученици и трети лица со што се подобрува угледот на училиштето.
- Кодексот на однесување за сите структури во училиштето е донесен на Наставнички совет. Со почитување на кодексот се обезбедува успешно одвивање на воспитно-образовната работа во училиштето, се подобрува работната дисциплина, безбедноста во училиштето, се заштитува училишниот имот како и имотот на учениците, вработените, родители на ученици и трети лица со што се подобрува угледот на училиштето.
- Кодексот на однесување за сите структури во училиштето е донесен на Наставнички совет. Со почитување на кодексот се обезбедува успешно одвивање на воспитно-образовната работа во училиштето, се подобрува работната дисциплина, безбедноста во училиштето, се заштитува училишниот имот како и имотот на учениците, вработените, родители на ученици и трети лица со што се подобрува угледот на училиштето.

| |
|---|
| - Директор и стручна служба ги следат планирањата и ја следат наставата барем 2 пати во полугодие .<br>Користењето на средства е транспарентно, со потписи за одобрување на одредени трошоци, спроведено преку сметководител и на увид на службите одобрено од Општина Центар, МОН. |
| Наоди од набљудување часови- Извештаи во кои се содржани информации за<br>- Организација, опрема и изглед на училницата<br>- Комуникација, мотивација и ангажираност на учениците<br>- Наставен процес и учење<br>- Оценување на ученици<br>- методи и техники на работа<br>- Прилагоденост на програмата и начинот на предавање на индивидуалните потреби на сите ученици (ученици со посебни образовни потреби)<br>- Користење на манипулативи (ученици со ПОП) |
| Наоди од други видови набљудувања- Хигиената во училиштето е на високо ниво, извештаи за работата на кујната |

**Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето**

Прилог 1: Список за планирање и проверка на чекорите во процесот на самоевалуација на училиштето

| **Фази и чекори во процесот на самоевалуација на** | **Планирано** | **Реализира** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **училиштето** | **(кога/ временска рамка)** | **но** |
| **Фаза 1: Подготовка**<br>**Чекори:** | Мај 2024 | Мај 2024 |
| 1. Формирање комисија за самоевалуација и тимови по подрачја на квалитет. | Мај 2024 | Мај 2024 |
| 2. Објаснување на вработените во училиштето за целта на самоевалуацијата и текот на процесот. | Мај 2024 | Мај 2024 |
| 3. Јакнење на капацитетите на членовите на тимовите за самоевалуација. | Мај 2024 | Мај 2024 |
| 4. Планирање на процесот на самоевалуација | Мај 2024 | Мај 2024 |
| **Фаза 2: Собирање податоци**<br>**Чекори:** | Мај 2024 | Мај 2024 |
| 1. Определување на методите за собирање податоци и обезбедување докази и изработка/ доработка на инструментите | Мај 2024 | Мај 2024 |
| 2. Определување примероци за анкети, фокус групи, испитаници за длабински интервјуа | Мај 2024 | Мај 2024 |
| 3. Дистрибуција на анкети за учениците, родителите/старателите, наставниците и членовите на заедницата. | Мај 2024 | Мај 2024 |
| 4. Спроведување интервјуа и дискусии во фокус групи со различните чинители. | Мај 2024 | Мај 2024 |
| 5. Собирање и прегледување релевантни документи. | Мај 2024 | Мај 2024 |
| **Фаза 3: Анализа на податоци**<br>**Чекори:** | Мај-јуни 2024 | Мај-јуни 2024 |
| 1. Анализа на квантитативните податоци, користејќи статистички алатки и софтвер. | Мај-јуни 2024 | Мај-јуни 2024 |
| 2. Идентификување на темите и обрасците од квалитативните податоци преку тематска анализа. | Мај-јуни 2024 | Мај-јуни 2024 |
| 3. Собирање и организација на собраните податоци на систематски начин, според индикаторите и темите. | Мај-јуни 2024 | Мај-јуни 2024 |

| | | |
|---|---|---|
| 4. Толкување на наодите, идентификување силни страни, слаби страни и приоритети на училиштето по подрачја . | Мај-јуни 2024 | Мај-јуни 2024 |
| **Фаза 4: Пишување извештај** | Јуни 2024 | Јуни 2024 |

Комисија за спроведување на СЕУ:

6. Верица Костовска- педагог
7. Арнела Ќириќ Скоко- психолог
8. Анета Гогушевска/ Билјана Денкова- ментори и одделенски наставници
9. Билјана Црвенова- предметен наставник
10. Јасмина Чашуле- родител